ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОСИЛНИ

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 7 март 2013

## Краткорочен револвинг кредит за правни лица

**Охридска банка** воведе нов кредитен производ наменет за правни лица - краткорочен револвинг кредит. Овој производ е специјално дизајниран за финансирање на сите компании без разлика на нивната големина, со цел задоволување на краткорочните потреби за обртни средства, како и за подобрување на тековната ликвидност.

Со овој кредитен производ клиентот може да врши делумни повлекувања и отплати според сопствените потреби во износ на расположивото салдо на одобрениот кредит. Со износот кој е еднаков на отплатениот дел на кредитот, клиентот повторно може да располага до висина на одобрениот револвинг кредит без плаќање на дополнителни провизии.

Краткорочниот револвинг кредит ги има следните предности:

- **Без минимална месечна отплата** на кредитот;
- Исплата на кредитот во чисти денари или денарски со девизна клаузула;
- Една кредитна партија за сукцесивните исплати;
- Еден договор за кредит за сукцесивните исплати на средства;
- Плаќање на **камата само на искористениот дел** од кредитот;
- **Без провизија** за исплаќање за секоја сукцесивна исплата на средства.

Постојните и новите кредитокорисници можат да добијат подетални информации во врска со производот во експозитурите на Охридска банка.

**КОМУНИКАЦИИ И СТРАТЕШКИ МАРКЕТИНГ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3203 732

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3203 726

ОХРИДСКА БАНКА АД ОХРИД
МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ 19
6000 ОХРИД, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ ОД ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 7909 ОД 9.12.2008